СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на НРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Петок, 25 јануари 1963
Скопје
Број 2 Год. XIX

Претплатата за 1963 год. изнесува 1.800 дин. Овој број чини 32 дин. Жиро сметка број 802—11/1—698.

3.

На основа член 7 од Законот за финансирање на мелиоративните работи во Народна Република Македонија („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 52/57), Извршниот совет донесува

УРЕДБА
ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИЗГРАДЕНИТЕ ОБЈЕКТИ ВО МЕЛИОРАТИВНИТЕ СИСТЕМИ

Член 1

Со изградените мелиоративни објекти чија изградба е одредена со Законот за финансирање на мелиоративните работи во Народна Република Македонија ќе управуваат и тоа:

1. во мелиоративниот систем за одводнување на Скопско Поле — Водната заедница „Вардар“ — Скопје;

2. во мелиоративниот систем за одводнување на Струшко Поле — Водната заедница „Шум“ — Струга;

3. во мелиоративниот систем за одводнување на Пелагонија — Водната заедница „Пелагонија“ — Битола.

Член 2

Под мелиоративни објекти во смисла на оваа уредба се подразбираат главните одводи и главните приклучни канали со објектите за нивно користење како и објектите за уредување на пороите што служат за нивна заштита.

Член 3

Предавањето на објектите што се изградени до влегувањето во сила на оваа уредба ќе се изврши најдоцна до 31 јануари 1963 година, а објектите што ќе се изградат по нејзиното влегување во сила — во рок од 30 дена од денот на донесувањето на решение за нивното ставање во погон.

Член 4

Управување со мелиоративните системи од член 1 на оваа уредба ќе се врши според одредбите од Законот за хидромелиоративните системи и искористувањето на земјиштата во хидромелиоративните системи („Службен весник на НРМ“ бр. 42/61).

Член 5

До донесување на посебни прописи за надоместокот за користењето на соодветните системи водниот придонес ќе се наплатува според општите прописи.

Член 6

За спроведување на оваа уредба се грижи Секретаријатот за земјоделство и шумарство на Извршниот совет.

Член 7

Оваа уредба влегува во сила со денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија“.

Бр. 09-3682/1-62
10 јануари 1963 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ

Секретар, **Филип Брајковски**, с. р.

Претседател, **Александар Грличков**, с. р.

4.

На основа член 31 од Законот за организација и финансирање на социјалното осигурување („Сл. лист на ФНРЈ“ бр. 22/62) во врска со точка 1 од Одлуката за овластување на Секретаријатот за труд на Извршниот совет да решава по споровите помеѓу народните одбори на општините настанати при образувањето на комунални заедници („Службен весник на НРМ“ бр. 41/62), Секретаријатот за труд донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ОБРАЗУВАЊЕ ЗАЕДНИЧКА КОМУНАЛНА ЗАЕДНИЦА ЗА ОПШТИНИТЕ БЕРОВО, ДЕЛЧЕВО И ПЕХЧЕВО

1. Се одредува Народниот одбор на општина Берово да образува комунална заедница на социјалното осигурување на работниците за општините Берово, Делчево и Пехчево.

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на НР Македонија“.

Број 06-38/1
10-I-1963 година
Скопје

Секретар за труд,
Мице Димевски, с. р.

Оiласен дел

КОНКУРСИ

Конкурсната комисија при Регионалната стопанска комора за Скопска, Титоввелешка, Кумановска и Тетовска околија

распишува

КОНКУРС

за пополнување на следните работни места и тоа:

1. Самостоен референт за план и стопански систем
2. Самостен референт за расподелба на вкупниот приход во стопанството
3. Самостоен референт по инвестиции, финансии и научни истражувања
4. Два референта за кадри во стопанството
5. Референт за метална индустрија и металургија
6. Референт за прехранбена, хемиска, дрвна, кожарска и гумена индустрија
7. Референт по индустрија на градежни материјали и градежништво
8. Референт по шумарство
9. Референт по туризам
10. 2 дебатни стенографи

Услови:

Под точка 1 — економски факултет со над 5 години практика во струката;

Под точка 2 — економски факултет со над 5 години практика во струката;

Под точка 3 — економски факултет со над 5 години практика во струката;

Под точка 4 — виша или висока школска спрема со најмалку 5 години практика на раководно место по службата за кадри;

Под точка 5 — висока школска спрема со над 5 години практика во стопанството или соодветни работи;

Под точка 6 — виша школска спрема со над 5 години практика во стопанството или соодветни работи;

Под точка 7 — висока школска спрема со над 5 години практика во струката;

Под точка 8 — земјоделско-шумарски факултет со најмалку 5 години практика во струката;

Под точка 9 — висока школска спрема со над 3 години практика во туризмот, предност имаат оние лица што познаваат еден странски јазик;

Под точка 10 — завршено средно или више образование со над 5 години практика во струката.

Молбите се куса биографија, како и документите по чл. 31 од Законот за јавните службеници и потврда од органот каде што се запослени дека имаат право на учество во конкурсот, да се достават до Конкурсната комисија при Комората.

Плата по Законот за јавните службеници, а положајна плата по Одлуката за положајните плати на Комората.

Конкурсот има важност 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ" и до тој датум ќе се примаат молби со потребните документи, а во случај да до одредениот рок не се пополни некое работно место, конкурсот трае до неговото пополнување. (59)

СОВЕТОТ ЗА КУЛТУРА НА НРМ

распишува

КОНКУРС

за пополнување на работното место

ДИРЕКТОР НА КОНЦЕРТНАТА ДИРЕКЦИЈА НА НРМ ВО СКОПЈЕ

УСЛОВИ:

— да има завршено музичка академија или средна школа и да е реномиран како композитор репродуктивен уметник или музички писател;

— да има повеќе годишен опит во раководење на иста или слична сценско-уметничка установа или културно-просветна институција, односно активност;

— да ги исполнува условите по чл. 31 од Законот за јавните службеници.

Плата спрема Законот за јавните службеници.

Таксирани молби со кратка биографија и нужните документи да се достават до овој Совет.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето, а до колку местото не се пополни, конкурсот останува отворен до неговото пополнување. (58)

ФАКУЛТЕТСКИОТ СОВЕТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО-ШУМАРСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

распишува

КОНКУРС

за наставници и асистенти и тоа:

1. За по еден наставник во звањето редовен или вонреден професор за следните предмети:
   — Селекција и семепроизводство
   — Сбработка и познавање на тутунската суровина
   — Агрохемија
   — Анатомија на дрвото и
   — Шумска зоологија и ловно стопанство
2. За еден вонреден професор или доцент за предметот:
   — Искористување на шумите
3. За преизбор на асистенти за следните предмети
   — Анатомија на дрвото
   — Шумска ентомологија
   — Шумска зоологија и ловно стопанство
   — Биологија
   — Дендрометрија и
   — Хемија

Кандидатите што се пријавуваат за наставници треба да ги исполнуваат условите од чл. 170, 171 и 173 од Законот за високото школство на НРМ.

Рок за пријавување е 30 дена од објавувањето на конкурсот, а во колку местата не се пополнат во овој рок, конкурсот се продолжува до пополнувањето на работните места.

Пријавите се поднесуваат до Деканатот на Земјоделско-шумарскиот факултет во Скопје.

Кон пријавата кандидатот треба да приложи диплома и документи по чл. 31 од Законот за јавните службеници. Кандидатите јавни службеници поднесуваат извод од службеничкиот лист. Покрај пријавата треба да се достави кратка биографија со податоци за досегашната работа и службувањето на кандидатот, потврда од установата каде што е службеникот на служба дека нема материјални обврски спрема истата, список на научните и стручни трудови (доколку кандидатот ги има) и по еден примерок од самите трудови. (60)

Секретаријатот за труд на Извршниот совет на НРМ

распишува

КОНКУРС

за една стипендија од Техничка помош на Организацијата на Обединетите нации која ќе трае четириипол месеци по следната тема:

„Мерење и упоредување на продуктивноста на трудот во сродни индустриски претпријатија".

Специјализацијата ќе биде извршена во 1963 год. во Соединетите Американски Држави.

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните услови:

— да имаат завршен економски факултет или виша школа,

— да работат на работни места непосредно врзани за проблемот кој треба да се изучува или решава по пат на усовршување во странство,

— да не биле досега на специјализација или усовршување во странство по основна Техничка помош или некоја друга помош,

— да во доволна мера владеат со знаење на англиски јазик.

Пријавите се примаат до 25 февруари 1963 год. (63)

Комисијата за распишување на конкурси за назначување на управници на земјоделските задруги при Народниот одбор на општината Чашка

распишува

КОНКУРС

за пополнување на работното место управител на Земјоделската задруга „Крсте Димов", с. Извор

УСЛОВИ:

— земјоделско-шумарски факултет со 3 години практика на раководно место;

— виша земјоделска школа со 5 години практика на раководно место;

— средна земјоделска школа со 10 години практика на раководно место.

Молбите се поднесуваат до Народниот одбор на општината Чашка со ознака „До конкурсната комисија" со потребните документи за прием во служба.

Настап на работа веднаш.

Конкурсот е отворен до пополнувањето на работното место. (71)

Конкурсната комисија на специјалната болница за белодробна туберкулоза-Кратово

распишува

КОНКУРС

за пополнување на работното место помошник УПРАВИТЕЛ

Кандидатот треба да има завршено виша управна школа и 5 години практика, или соодветно средно образование и 8 години практика. Плата по Правилникот за расподелба на личниот доход на установата.

Податоци за досегашната служба со опширна биографија да се испратат до управата на Специјалната болница за белодробна туберкулоза — Кратово.

Конкурсот трае 15 дена од објавувањето, а во колку работното место не се пополни во овој рок останува отворен до пополнувањето. (62)

Управниот одбор на Комуналниот завод за социјално осигурување во Гостивар

распишува

КОНКУРС

за пополнување на работното место директор на Комуналниот завод за социјално осигурување во Гостивар

УСЛОВИ: Висока школска или стручна спрема со 6 години раководна служба.

Плата спрема Правилникот за расподелба на личниот доход на работниците во Комуналниот завод за социјално осигурување.

Заинтересираните кандидати за информација можат да се јават во Комуналниот завод за социјално осигурување во Гостивар, секој ден од 7 до 14 часот.

Конкурсот ќе се заклучи по истекот на 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на НР Македонија."

Молбите ќе се примаат во Комуналниот завод за социјално осигурување во Гостивар. (61)

Републичкиот завод за цени — Скопје

распишува

КОНКУРС

за пополнување на повеќе работни места во Заводот, а за работи на:

1) Следење на пазарот и цените
2) Економски анализи
3) Правен референт
4) Администратор-дактилограф

Услови: за работните места под 1) и 2) — кандидатот треба да има завршен економски факултет и најмалку 3 години практика во стопанството; за

работното место под 3) кандидатот треба да има завршен правен факултет и најмалку 6-годишна практика во државната управа или стопанството, а за работното место под 4) кандидатот треба да има средно образование и спрема на дактилограф II класа.

Плата по прописите за јавните службеници.

Молбите, со сите документи по чл. 31 од Законот за јавните службеници и куса биографија, се предаваат во Секретаријатот за општи стопански работи на Извршниот совет на НРМ.

Конкурсот трае 15 дена, а во случај на непополнување на одделни работни места до нивното пополнување. (72)

Советот на Здравната станица во с. Чашка, околија Титоввелешка

распишува

КОНКУРС

за еден Забар-дентист

Услови: завршено средно забарско школо и 3 години практика.

Плата по Правилникот за личниот доход или по договор.

Конкурсот ќе трае до пополнувањето на работното место.

Молбите се поднесуваат до Советот на Здравната станица, с. Чашка, околија Титоввелешка, З. П. Чашка. (73)

Конкурсната комисија при Општата болница „Др. Трифун Пановски" — Битола

распишува

КОНКУРС

за пополнување на едно работно место и тоа.

1. Еден лекар на специјализација по гинекологија и акушерство.

Услови:

Лекар со положен стручен испит и три години работен стаж во здравствени установи, како и познавање на еден странски јазик.

Плата спрема Правилникот за расподелба на личниот доход на Општата болница.

Настап на работа веднаш.

Конкурсот трае сé до пополнувањето на работното место. (74)

ПРОМЕНИ НА ИМИЊА

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 20-21335/1 од 24 ноември 1962 година, ја одобри промената на роденото име на Поповски Велко, роден во село Мало Црско, Охридска околија, през 1939 година, од родители: Поповски Спиро и мајка Дора, така што во иднина роденото име ќе му гласи **Вецко.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (1)

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 20-18274/2 од 6 ноември 1962 година, ја одобри промената на роденото име на Конеска Фанка, родена на ден 21 ноември 1951 година во Прилеп, од татко Милан и мајка Виша, така што во иднина роденото име ќе ѝ гласи **Анка.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (2)

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 20-16610/1 од 23 октомври 1962 година, ја одобри промената на личното име на Трпчевски Никудин, роден на 7 мај 1935 година во село Вратница, Тетовска околија, од татко Младен и мајка Бесцена, така што во иднина личното име ќе му гласи **Димовски Никс**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (3)

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 20-21192/1 од 26 ноември 1962 година, ја одобри промената на фамилијарното име на Манасиев Благој, роден на 5 март 1938 година во село Гајранци, Штипска околија, од татко Манасиев Тоде и мајка Тана, така што во иднина фамилијарното име ќе му гласи **Гигов.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (4)

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 20-21279/1 од 3 декември 1962 година, ја одобри промената на роденото име на Алексов Петар, роден на 2 март 1925 година во село Калапетровци, Штипска околија, од татко Санде и мајка Јордана, така што во иднина роденото име ќе му гласи **Пенчо.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (5)

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 20-21944/1 од 8 декември 1962 година, ја одобри промената на фамилијарното име на Ѓоргиески Благоја, роден на 17 ноември 1933 година во Прилеп, од татко Крсте и мајка Спасија, така што во иднина фамилијарното име ќе му гласи **Димески.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (6)

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 20-20533/1 од 23 ноември 1962 година, ја одобри промената на личното име на Сулејманов Џахид, роден на 16 декември 1940 година во Битола, од татко Кемал и мајка Хајриша, така што во иднина личното име ќе му гласи **Асимов Муџаит.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (7)

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 20-22151/1 од 5 јануари 1963 година, ја одобри промената на фамилијарното име на Давидовски Мено, роден на 28 март

1922 година во село Беловиште, Тетовска околија, од татко Боге и мајка Ефра, така што во иднина фамилијарното име ќе му гласи **Силјановски**.

Промената се протегнува и на малолетните му деца Тихомир, Цвета, Ефка, Бошко и Митре, така што во иднина фамилијарното име ќе им гласи **Силјановски.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (8)

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 20-15281 од 17 октомври 1962 година, ја одобри промената на личното име на Јоновски Костадин, роден на 3 јуни 1934 година во село Мраморец, Охридска околија, од татко Стојан и мајка Копрена, така што во иднина личното име ќе му гласи **Илиевски Кочо.**

Промената на фамилијарното име на Јоновски Костадин се протегнува и на малолетната му ќерка Јоновска Мирјана, родена на 2 септември 1961 година во Охрид, така што во иднина фамилијарното име ќе ѝ гласи **Илиевска.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (9)

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 20-22085/1 од 14 декември 1962 година, ја одобри промената на фамилијарното име на Митевски Глигор, роден на 10 октомври 1920 година во село Габар, Кумановска околија, од татко Богдан и мајка Кара, така што во иднина фамилијарното име ќе му гласи **Јовановски.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (10)

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 20-15282/1 од 18 октомври 1962 година, ја одобри промената на фамилијарното име на Јоновска Нада, родена на 5 ноември 1940 година во село Опеница, Охридска околија, од татко Крсто и мајка Раинка, така што во иднина фамилијарното име ќе ѝ гласи **Илиевска**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (11)

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 20-17640/1 од 17 октомври 1962 година, ја одобри промената на фамилијарното име на Димитровски Тодор, роден на 15 април 1926 година во село Дреново, Титоввелешка околија, од татко Трајко и мајка Ристана, така што во иднина фамилијарното име ќе му гласи **Митрев.**

Промената на фамилијарното име на Димитровски Тодор се протегнува и на неговите малолетни деца: Вера, родена на 23 октомври 1956 година, и Трајанка, родена на 17 март 1962 година, обете родени во Титов Велес, така што во иднина фамилијарното име ќе им гласи **Митреви.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (12)

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 20-17666/1 од 17 октомври 1962 година, ја одобри промената на фамилијарното име на Тодоровски Дратутин, роден на 9 октомври 1938 година во село Дихово, Битолска околија, од татко Ѓорги и мајка Цена, така што во иднина фамилијарното име ќе му гласи **Велјановски.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (13)

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОКОЛИСКИ СУД ВО ПРИЛЕП

Во Околискиот суд во Прилеп се води постапка за докажување на смртта за лицето Јанкулоски Трајков Петре од с. Витолиште, општина Мориовска, за кој се претпоставува дека е загинат во месноста „Оптраница", с. Витолиште, општина Мориово.

Се поканува секое лице што нешто знае за него да јави на овој суд во рок од 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ".

Од Околискиот суд — Прилеп, Р. бр. 333/62. (14)

ЛИКВИДАЦИЈА

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 95, страна 383 е запишано следното: Општиот задружен деловен сојуз „Полог", Тетово, согласно со решението на Народниот одбор на Тетовска околија под бр. 03-237/2 од 25-VII-1962 година е ставен под редовна ликвидација.

За ликвидатор на Сојузот е назначен Николовски Бошко, кој ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, сметано од 13-VIII-1962 година.

На досегашните потписници и тоа: Борис Несторовски, управник, и Стевчевски Душан, комерцијален директор на Сојузот, им престанува правото за потпишување.

Со решението на Народниот одбор на Тетовска околија под бр. 03-237/1 од 24-I-1962 за ликвидациона комисија се одредени следните лица: Перо Јовановски, претседател на комисијата, Драги Јовановски и Душко Наумовски.

Со решението на Народниот одбор на Тетовска околија под бр. 03-237/2 од 25-VII-1962 година во ликвидационата управа се именувани следните лица: Бошко Николовски, претседател, и Апостоловски Спасо, член.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 536/62. (1278)

РЕГИСТРАЦИИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 212, страна 561 е запишано следното:

На досегашните потписници на Фабриката за сапун и козметика „Цветан Димов" од Скопје и тоа: Николов Серафимов Никола, шеф на комерцијалното одделение, и Трајчев Јордан им престанува правото за потпишување.

За нови потписници на фабриката се назначени следните лица: Благоја Зариев Георгиевски, комерцијален директор, Живко Спиров Стаматовски, директор на стопанско-сметководниот сектор, и Сабрија Руниќ, шеф на сметководството. Тие фабриката ќе ја потпишуваат задолжуваат и раздолжуваат во границите на овластувањето со старите регистрирани потписници Поповски Темелко, в. д. директор, и Шучуровиќ Драгомир, технички раководител, сметано од 18-IV-1962 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 243/62. (551)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 19-IV-1962 година на страна 68, реден бр. 3 е запишано следното: Цветковиќ Стевана Јовица, досегашен директор на Трговското претпријатие на мало и големо „Прогрес" од Пехчево, е разрешен од должност. На негово место за директор е назначен Денковски Благој, кој е овластен да го потпишува претпријатието.

Истовремено е назначен како втор потписник Станковски Александар, шеф на сметководството.

Новиот директор е запишан во регистарот врз основа на решението на Народниот одбор на општината Пехчево бр. 01-1257/1 од 3-VII-1961 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 199/62. (563)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 16-III-1962 година на страна 256, реден бр. 4 е запишано конституирањето на Индустриското претпријатие предилница за памук (кардирано предиво) од Струмица, кое е извршено на 9-VII-1961 година.

Конституирањето е запишано во регистарот врз основа на решението на Народниот одбор на општината Струмица бр. 03-5968/1 од 22-XI-1961 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 161/62. (568)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 2-IV-1962 година на страна 151, реден бр. 3 е запишано следното: Витанов Ристо, досегашен раководител на Продавницата на готова конфекција „Вартекс" во Струмица на Вараждинската текстилна индустрија „Вартекс" од Вараждин, е разрешен од должност. На негово место за раководител е назначен Гунчев Георги, кој е овластен да ја потпишува и претставува продавницата во рамките од точ. 22 од заклучениот договор.

Промената на раководителот на продавницата е запишана во регистарот врз основа на решението на Вараждинската текстилна индустрија бр. 89 од 6-V-1961 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 27/62. (571)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 79, страна 281 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Неготино бр. 04-428/1 од 18-IV-1962 година дејноста на Земјоделската задруга „Пекарев" од Неготино во иднина се проширува и со: вршење услуги на земјоделските производители со земјоделски машини и справи, како и вршење разни други услуги што се во врска со земјоделското производство, а покрај тоа и вршење услуги со моторни превозни средства во транспорт на разни лица.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 265/62. (599)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 562, страна 159 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Идадија — Скопје под бр. 04-5705/1 од 18-IV-1962 година дејноста на Претпријатието за промет со жито и преработки од жито на големо „Жито Македонија" од Скопје во иднина се проширува и со откуп и продажба на компир и кромид.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 266/62. (602)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 74, страна 297 е запишано следното: На досегашните потписници на Земјоделската задруга „Единство" од село Челопек и тоа: Стојан Ристовски, управник, и Ангелковски Лазо, книговодител, им престанува правото за потпишување.

За нови потписници на задругата се назначени следните лица: Младен Јаковчевски, управник, и Петровски Богосав, книговодител, примен со конкурс, сметано од 4-V-1962 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 270/62. (604)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 66, страна 259 е запишано следното: Земјоделската задруга „Нагоричко Поле" од село Младо Нагоричане, Кумановска околија, согласно со решението на Народниот одбор на општината Куманово под бр. 8779/1 од 24-IV-1962 година, е ставена под присилна управа.

Со горецитираното решение за принуден управник е назначен Бошко Зизовски. Тој задругата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, сметано од 9-V-1962 година.

На досегашните потписници на задругата и тоа: Стево Стоичков, управник, Спасовски Ристов Саво, шеф на сметководството, и Милошевски Стојанов Коста, секретар, им престанува правото за потпишување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 294/62. (611)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 275, страна 100 е запишано следното:

Согласно со решението на Народниот одбор на општината Тетово под бр. 01-210 од 7-III-1961 година е одобрено конституисањето на Механичкото услужно претпријатие „Агроремонт" од Тетово.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 277/62. (621)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 198, страна 585 е запишано следното: Михаил Михајловски, досегашен раководител на Занаетчиската столарска задруга „1 мај" од Куманово, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За раководител на задругата е назначен Бранко Лазаревски. Тој задругата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, сметано од 23-V-1962 година, со стариот регистриран потписник Бранко Тодоровски.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 315/62. (729)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 283, страна 1091 е запишано следното: Градежната занаетчиска задруга „Слога" од Тетово, согласно со одлуката на работничкиот совет број 145 од 9-IV-1962 год., го преместува седиштето од Тетово во Скопје на улица „275" бр. 25б, сметано од 25-V-1962 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 322/62. (737)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 96, страна 225 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Продавницата „Деликатес" во Гостивар, ул. „Маршал Тито" бр. 40, на Трговското мешано претпријатие на големо и мало „Кораб" од Гостивар, согласно со Одлуката на работничкиот совет на претпријатието од 21-XII-1961 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 333/62. (803)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 96, страна 225 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Продавницата за нафтени деривати, мазива, уља и масти на Трговското претпријатие „Кораб" од Гостивар, согласно со Одлуката на работничкиот совет на претпријатието од 21-XII-1961 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 334/62. (804)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 96, страна 225 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Продавницата во Гостивар, ул. „Црвена sвезда" бр. 19, на Трговското мешано претпријатие на големо и мало „Кораб" од Гостивар, согласно со Одлуката на работничкиот совет на претпријатието од 21-XII-1961 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 335/62. (805)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 96, страна 225 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Продавницата „Железар" во Гостивар, ул. „ЈНА" бр. 2, на Трговското мешано претпријатие на големо и мало „Кораб" од Гостивар, согласно со одлуката на работничкиот совет на претпријатието од 21-XII-1961 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 336/62. (806)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 6, страна 13 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Кисела Вода — Скопје под бр. 04-2369 од 2-IV-1962 година фирмата на Продавницата за огревен и градежен материјал во Скопје, ул. „11 октомври" бр. 11, на бившото Трговско претпријатие за емиш, зарзават и варива „Јагода" од Скопје се менува и во иднина ќе гласи: Продавница за огревен и градежен материјал во Скопје, ул. „11 октомври" бр. 11, на Трговското претпријатие на големо и мало „Центропромет" од Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 338/62. (811)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 621, страна 581 е запишано следното: Досегашниот в. д. директор на Лозаро-овоштарското претпријатие „Четири патишта" од село Сопиште инж. Лазар Станинов е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За в. д. директор на претпријатието е назначен со решението на Народниот одбор на општината Кисела Вода — Скопје Буцевски Иван. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со новоназначените потписници Поп Илиев Рајко, шеф на сметководството, и Колевски Милош Радоје, претседател на работничкиот совет, сметано од 7-VI-1962 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 343/62. (813)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 274, страна 997 е запишано следното: За нови членови на Деловното здружение за унапредување на сточарството и промет со сточарски производи „Шар" од Тетово, согласно со решението на Народниот одбор на општината Тетово под бр. 04-6141/1 од 19-V-1962 година, се избрани: Земјоделската задруга „Напредок" од село Стенче, Земјоделското стопанство „Шар" од село Жеровјане, Земјоделското стопанство „Борец" од село Лешок

и Трговското производително претпријатие „Задружно дело“ од Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 346/62. (815)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 198, страна 543 е запишано следното: Досегашниот потписник на Волнарскиот комбинат „Тодор Ципоски — Мерџан“ од Тетово Шалтановски Славко, директор на секторот за тешка конфекција, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За нов потписник на комбинатот е назначен Аврамовски Јован, секретар на комбинатот. Тој комбинатот ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со старите потписници Стојан Ѓорчевски, генерален директор, Владо Андреевски, шеф на сметководството, Трајковски Љубомир, комерцијален директор, сметано од 1-VI-1962 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 332/62. (816)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 68, страна 277 е запишано следното: Се брише од регистарот на задругите Земјоделската задруга „Лирија“ од село Долно Свиларе, Скопска околија, бидејќи со решението на Народниот одбор на општината Ѓорче Петров под бр. 01-5583/1 од 15-XII-1961 година е припоена кон Земјоделската задруга „Поток“ од село Глумово.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 357/62. (826)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 35, страна 137 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Ѓорче Петров под бр. 01-5583/1 од 15-XII-1961 година кон Земјоделската задруга „Поток“ од село Глумово се припои Земјоделската задруга „Лирија“ од село Долно Свиларе, Скопско.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 355/62. (827)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 26, страна 67 е запишано следното: Се брише од регистарот на задругите Погонот за водна заедница во село Богданци на Земјоделската задруга „Изворски“ од село Богданци, бидејќи се издвои од задругата во посебна стопанска организација.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 354/62. (840)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 54, страна 139 е запишано следното: Досегашните потписници на Трговското претпријатие за текстил, галантерија, кожа, гума, парфимерија и др. на големо и мало „Текстил промет“ од Куманово и тоа: Душан Боцевски, директор, Марија Петровска, шеф на сметководството, и Максимовски Богосав се разрешени од должност и им престанува правото за потпишување.

За нов потписник и директор на претпријатието е назначен со решението на Народниот одбор на општината Куманово под бр. 5008/1 од 24-IV-1962 година Стефан Стефановски. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, сметано од 14-VI-1962 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 337/62. (832)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 23, страна 77 е запишано следното: Покрај досегашниот потписник на Претпријатието за превоз на стоки „Трудбеник“ од Скопје в. д. директорот Лазаревски Панов Стојан, претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето и новоназначениот шеф на сметководството Кадриева Даниела, примена со конкурс, сметано од 20-VI-1962 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 370/62. (848)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 29, страна 113 е запишано следното: Досегашните членови на Управниот одбор на Земјоделската задруга „Слободан Пеповски“ од село Вруток, Гостивар, се разрешени од должност. Согласно со записникот од одржаниот состанок на Задружниот совет на ден 23-V-1962 год. за членови на новиот управен одбор се избрани следните лица: Живко Лазаревски, претседател, Бари Селими, Алил Кадрија, Меваип Сулејмани, Енвер Мустафа, Ѓуре Кибровски, Неби Алили, Давит Акику и Милош Столески.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 362/62. (841)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 27, страна 105 е запишано следното: Се брише од регистарот на задругите Земјоделската задруга „Слобода“ од село Кадино, Скопска околија, бидејќи со решението на Народниот одбор на општината Петровец под бр. 01-544/1 од 6-II-1962 година е фузионирана во новоформираната Земјоделска задруга „Напредок“ од село Кадино, Скопска околија.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 380/62. (855)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 69, страна 283 е запишано следното: Се брише од регистарот на задругите Земјоделската задруга „Вардар“ од село Јурумлери, Скопска околија, бидејќи со решението на Народниот одбор на општината Петровец под бр. 01-544/1 од 6-II-1962 година е фузионирана во новоформираната Земјоделска задруга „Напредок“ од село Кадино, Скопска околија.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 381/62. (856)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 207, страна 575 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Тетово под бр. 01-8562/1 од 15-VI-1962 година се проширува дејноста на Електро-радио сервисот од Тетово во иднина и со: изведување на електро инсталации за осветление, моторни инсталации, далноводи и трафостаници до 10 КВ. на индустриски објекти.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 385/62. (857)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 304, страна 789 е запишано следното: На досегашниот потписник на Рударскиот базен за хром „Радуша" од Ѓорче Петров Ничота Тома му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност.

За шеф на стопанско-сметководниот сектор на Рударскиот базен за хром „Радуша" од Ѓорче Петров е назначен Драган Цартовски. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со старите регистрирани потписници и тоа: Јован Исајловски, директор, Урош Јанковиќ, раководител на економскиот сектор, Чедомир Милошевски, секретар, и Шендов Ѓорѓи, шеф на комерцијалниот сектор, сметано од 30-VI-1962 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 394/62. (873)

ИСПРАВКА

Во огласот за регистрација на Филијалата во Скопје на Заводот за економска пропаганда и публицитет „Озеха" од Загреб, објавена во „Службен весник на НРМ" бр. 36 од 13 ноември 1962 година на страна 474 презимето на раководителот место „Делев" треба да гласи „Динев".

МАЛИ ОГЛАСИ

Се огласуваат за неважни следните загубени документи:

РАЗНИ ДОКУМЕНТИ

Здравствена легитимација бр. 51728, издадена од ЗСО — Прилеп на име Богица Мирческа, с. Кривогаштани, Битолско. (2875)

Здравствена легитимација бр. 595, издадена од ЗСО — Битола на име Ванка Марковска, с. Карамани, Битола. (2876)

Работна книшка бр. 17338, серија бр. 267193, издадена од Бирото за посредување на трудот — Битола на име Ѓорѓи Баковски, ул. „Фахрим Ибраим" бр. 4 — Битола. (2877)

Здравствена легитимација бр. 5481, издадена од ЗСО — Кичево на име Еврединка Лазеска, с. Раштани, Кичево. (2878)

Здравствена легитимација на име Мирко Смилески, с. Козица, Кичево. (2879)

Здравствена легитимација издадена од ЗСО — Кичево на име Левка Танеска, с. Вранештица, Кичево. (2880)

Здравствена легитимација бр. 2533 на име Цандо Р. Кимов, с. Дренево, Кавадарци. (2881)

Воена книшка на име Киро Илов Цветковски, с. Оптичари, Битолско. (2882)

Диплома за завршен испит Т. У. П. О. — Штип бр. 01-5/130 на име Никола Г. Козаров, с. Нижеполе, Битолско. (2883)

Ученичка книшка за VIII одделение, издадена од Осмолетката „Добре Јовановски" — Прилеп на име Петре Симоноски, ул. „Кузман Јосифовски" бр. 148 — Прилеп. (2884)

Здравствена легитимација издадена од ЗСО — Прилеп на име Добрица П. Здравеска, с. Ропотово, Прилеп. (2885)

Работна книшка бр. 960, издадена од НО на општината Македонски Брод на име Павле Стојчески, с. Белица, Кичево. (2886)

Здравствена легитимација бр. 186260 на име Славе В. Савески, с. Д. Мелничани, Дебар. (2887)

Здравствена легитимација бр. 12873/3969, издадена од ЗСО — Гостивар на име Сафије Зулфија Селими, с. Добридол, Гостивар. (2888)

Здравствена легитимација бр. 4350 на име Ристо Г. Ѓорчески, ул. „Призренска" бр. 20 — Тетово. (2889)

Работна книшка бр. 174 на име Јанко Јанковски, с. Непроштено, Тетовско. (2890)

Здравствена легитимација бр. 4187, издадена од ЗСО — Радовиш на име Коце К. Негрновец, ул. „Коста Сусинов" бр. 20 — Радовиш. (2891)

Здравствена легитимација бр. 5374, издадена од ЗСО — Филијала — Пробиштип на име Дуда Мишова Андонова, с. Петрчино, Кочани. (2892)

Здравствена легитимација издадена од ЗСО — Прилеп на име Драгица Атанасоска, ул. „Круме Волнароски" бр. 72 — Прилеп. (2893)

Здравствена легитимација бр. 12756, издадена од ЗСО — Гостивар на име Румена Јованоска, с. Врбен, Гостивар. (2894)

Здравствена легитимација бр. 7112, издадена од ЗСО — Берово на име Киро Ј. Пршкорски, с Ратево, Берово. (2896)

Здравствена легитимација бр. 27156 на име Васил Анѓелов Христовски, с. Логоварди, Битолско. (2897)

Возачка дозвола бр. 107, издадена од СВР — Куманово на име Томе Николов, Кеј „8 ноември" бр. 71 — Струга. (2898)

